ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 15.4.2021 година, ја донесе следната:

## ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА

**за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2020 година (дивиденден календар)**

### Член 1

Да се исплати дивидендата во бруто-износ од 81.709.920 денари.

Банката, во согласност со важечката регулатива од бруто-износот на дивидендата:

а) при исплата на физичките лица ќе задржи и уплати персонален данок на доход,
б) при исплата на правните лица ќе задржи и уплати данок по задршка каде што е применливо.

За предложениот износ на дивидендата за 2020 година, акционерите ќе се известат преку Повикот за учество на Годишното собрание на акционери на Банката.

### Член 2

Висината на бруто-дивиденда по акција ќе изнесува 90,00 денари, односно 9,00 % од номиналната вредност на акциите која изнесува 1.000 денари.

### Член 3

Собранието на акционерите на ТТК БАНКА АД Скопје ќе се одржи на 15.4.2021 година, а датумот на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2020 година се определува на еден од следните начини:

- 6.5.2021 година или
- осмиот ден од денот кога за Банката ќе престане да важи ограничувањето на распределбата и исплатата на дивиденда : (1) со престанок на важност на Одлуката за привремено ограничување на распределбата и исплатата на дивиденда на акционерите на банките бр. 02-15//III-6/2021 од 26.2.2021 година („Сл. весник на РСМ“ бр. 47/26.02.2021) или (2) со донесување решение, одлука или друг акт на надлежен орган со кој за Банката ќе престане да важи ограничувањето на распределбата и исплатата на дивиденда

во зависност од тоа кој од вака определените датуми на евиденција во согласност со алинеја 1 и алинеја 2 ќе настапи подоцна.

Доколку осмиот ден од денот на евиденција утврден во согласност со став 1, алинеја 2 на овој член е неработен ден, како датум на евиденција ќе се сметка првиот нареден работен ден.

**Член 4**

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2020 година е два работни дена пред датумот на евиденција утврден во согласност со член 3 од оваа Одлука.

**Член 5**

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2020 година е еден работен ден пред датумот на евиденција утврден во согласност со член 3 од оваа Одлука.

**Член 6**

Исплатата на дивиденда за 2020 година ќе започне на 20.5.2021 година или најрано по истекот на дваесет дена од денот кога за Банката ќе престане да важи ограничувањето на распределбата и исплатата на дивиденда, на еден од начините предвидени во член 3 став 1 алинеја 2 од оваа Одлука во зависност од тоа кој од вака определените датуми на евиденција ќе настапи подоцна.

**Член 7**

Дивидендата за 2020 година ќе се исплатува во готово (на трансакциските сметки на акционерите).

**Член 8**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката со посебна одлука да ги утврди точните датуми на дивидендниот календар во согласност со оваа Одлука и да ги објави на ист начин како и повикот за свикување на Собрание.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува од денот кога за Банката ќе престане да важи ограничувањето на распределбата и исплатата на дивиденда на еден од начините предвидени во член 3, став 1 алинеја 2 од оваа одлука.

**Собрание на ТТК Банка АД Скопје**

**Претседавач**

**О б р а з л о ж е н и е**

**кон Предлог - одлуката за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2020 година (дивиденден календар)**

Во согласност со член 490 од Законот за трговски друштва, Собранието на Банката го определува износот на дивиденда, датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда, како и планот за исплата на дивиденда и денот на којшто се исплаќа дивидендата.

Заради навремено и точно информирање на акционерите и на јавноста, во согласност со Правилата за котација на хартии од вредност на Македонската берза на хартии од вредност, член 36, котираните друштва се должни однапред да го соопштат предлогот за висината на дивидендата, а веднаш по одржувањето на Собранието на акционери да го објават дивидендниот календар при исплата на дивиденда на сопствениците на акциите на акционерското друштво. Динамиката на активностите поврзани со исплатата на дивидендата се определува во согласност со датумот на одржување на редовното годишно Собрание на акционерите на Банката.

Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда, односно датумот на стекнување на правото за дивиденда, е датум кога се врши пресек на сопствениците на акциите според акционерската книга, за да се утврди кој акционер има право на дивиденда. Во согласност со Правилата за котација на хартии од вредност, овој датум треба да биде најмалку 14 дена по завршување на седницата на Собрание на акционерите на друштвото на која, покрај другото, се донесува Одлука за распределба на добивката остварена во претходната година.

Советот на Народната банка на Република Северна Македонија, на 26.2.2021 година, донесе Одлука за привремено ограничување на распределбата и исплатата на дивиденда на акционери на банките бр. 02-15/III-6/2021, („Сл. весник на РСМ“ бр.47/26.2.2021) со која привремено ја ограничува распределбата и исплатата на дивиденда на акционерите, заради натамошно зголемување на отпорноста на банкарскиот систем во целина и одржување на финансиската стабилност во услови на продолжени ефекти од кризата на пандемијата од COVID-19 и неизвесноста предизвикана од истите.

Надзорниот одбор на Банката останува со предлогот дивидендата да изнесува 90 денари бруто-дивиденда по акција, а измените во Предлог - одлуката за исплата на дивидендата претставуваат одложување на исплатата од привремен карактер. Износот на дивидендата останува како задржана добивка расположива за распределба на акционерите до денот кога за Банката ќе престане да важи ограничувањето на распределбата и исплатата на дивиденда на акционерите.

Заради тоа се предлага дивидендата за 2020 година да им биде исплатена на акционерите на Банката кои се регистрирани во акционерската книга на 15.4.2021 година или осмиот ден од денот кога за Банката ќе престане да важи ограничувањето на распределбата и исплатата на дивиденда во зависност од тоа кој од вака определените датуми на евиденција ќе настапи подоцна. Доколку осмиот ден од денот кога за Банката ќе престане да важи ограничувањето на распределбата и исплатата на дивиденда е неработен ден, како датум на евиденција ќе се сметка првиот нареден работен ден.

Последен ден на тргување со акциите со право на дивиденда за 2020 година во согласност со предложената одлука е два работни дена пред датумот на евиденција, според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2020 година. Тоа значи дека прв ден на тргување со акциите без право на дивиденда за 2020 година е еден работен ден пред датумот на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2020година.

Исплатата на дивидендата за 2020 година се предлага да започне од 20.5.2021 година или најрано дваесет дена по денот кога за Банката ќе престане да важи ограничувањето на распределбата и исплатата на дивиденда, во зависност од тоа кој од така определените датуми на евиденција ќе настапи подоцна.

За утврдениот дивиденден календар при исплата на дивиденда за 2020 година, акционерите ќе бидат информирани преку известување во дневниот печат и на веб-страницата на Македонската берза за хартии од вредност.